МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2026 ГОДИНА

јануари 2026 година

## 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2026 година е изготвен врз основа на Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државна управа во процесот на подготвување на стратешки план и годишен план за работа („Службен весник на Република Македонија“ број 131/18 од 17.07.2018), а во согласност со Стратешкиот план на министерството за 2026-2028, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024 – 2028 година, предог Стратегијата за образование 2026-2032, Реформската агенда 2024-2027 во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, Целите за одржлив развој на ОН и други стратешки документи.

Годишниот план за работа за 2026 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата содржани во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 -2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 177/24):

- Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;
- Подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето и
- Поддршка и стимулирање на научните истражувања, развој на иновации, инвестиции во научната инфраструктура и привлекувањето на талентирани научници.

Со новиот стратешки план на Министерството за образование и наука за 2026-2028 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми, кои подеднакво се посветени на подобрување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, имплементација на новиот модел за финансирање на основните и средните училишта преку блок дотации, оптимизација на училишната мрежа, развој на зелени и дигитални вештини, обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики, забрзан економски развој преку инвестиции во науката и иновациите, како и поддршка на можностите на образование на возрасните и доживотно учење и имплементација на системот на валидација на неформално и информално образование и учење...

За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2026 година ги дефинира потребните ресурси и финансиските извори за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

### ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование и информално учење на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

## 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

### А: Програми и потпрограми од стратешкиот план на Министерството за образование и наука

| ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ |
|---|
| **Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Владата на Република Северна Македонија**<br><br>**Стратешки приоритет**: „Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици"<br>**Приоритетни цели**: „Подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето", „Зајакнување на дигиталните вештини на граѓаните, **просветните работници** и административните службеници" и „Гарантирање на етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на заедниците во Република Северна Македонија, |

унапредување, заштита и промоција на правата на сите етнички заедници".

**Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Министерството за образование и наука:**

Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал

- Подобрување на содржината на основното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното образование;
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците;
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта (иницијални и континуирани обуки) ;
- Зголемување на ефективноста на организирањето, финансирањето и управувањето со основното образование;
- Вложување и развој на дигитални и зелени вештини и критичко размислување;
- Понатамошно унапредување на воспоставениот систем на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги и
- Унапредување на менталното здаравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем

**Цел на Програмата:**

- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование и зголемување на опфатот на ученици

**Показатели за успех на Програмата:**

- Процент на наставни програми за осмо и деветто одделение кои се усогласени со новите национални стандарди
- Процент на ученици кои користат учебници и наставни материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите
- Број на општини кои се дел од процесот на оптимизација на училишната мрежа и проценетото подобрување на ресурсите (училишни објекти, наставници, ученици)
- Спроведена анализа за воведување на нови „паметни" основни училишта со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура, како и осигурување нивна оперативност („паметни" како што е интегрирањето на дигиталните технологии во наставата и управувањето со училиштата, вклучително и комуникација со семејствата, интерактивно учење на далечина)
- Процент на училишта кои го користат новиот ЕМИС
- Процент на наставници кои завршиле обука за дигитални вештини и компетенции
- Процент на ученици кои користат дигитални и интерактивни материјали за учење
- Процент на училишта со функционални инклузивни тимови
- Процент на ученици со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, со обезбедени образовни асистенти
- Процент од општините кои имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост
- Процент на деца од 6 до 14 годишна возраст идентификувани дека се надвор од училиштата кои се вклучени и следени во образовниот систем
- Број на донесени наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи
- Број на доделени грантови на училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот
- Број на пријавени, разрешени и во процес на разгледување случаи на насилство
- Процент на училишта кои го спроведуваат Правилникот за заштита на ученик жртва
- Процент на наставници и стручни соработници кои успешно завршиле обуки за стекнување компетенции предвидени со професионалните стандарди;
- Број на наставници кои напредувале во кариерата според моделот за кариерен развој;
- Број на стручни соработници кои напредувале во кариерата според моделот за кариерен развој.
- Број на доделени стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници
- број на директори кои завршиле напредна обука

| |
|---|
| - Процент на училишта кои спроведуваат самоевалуација согласно новите индикатори<br>- Процент на училишта кои имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори |

| | | |
|---|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | |
| **Цел на потпрограмата:**<br>Да се подобри квалитетот на наставата и постигањата на учениците во основното образование преку ревизија и примена на современи наставни концепти, усогласување на наставните програми со националните стандарди и зголемено користење на дигитални и интерактивни алатки во наставата | | |
| **Показател за успешност:**<br>- Процент на наставни програми за осмо и деветто одделение кои се усогласени со новите национални стандарди<br>- Процент на ученици кои користат учебници и наставни материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите<br>- Број на општини кои се дел од процесот на оптимизација на училишната мрежа и проценетото подобрување на ресурсите (училишни објекти, наставници, ученици)<br>- Број/ процент на воспоставени „паметни" основни училишта со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура, како и осигурување нивна оперативност („паметни" како што е интегрирањето на дигиталните технологии во наставата и управувањето со училиштата, вклучително и комуникација со семејствата, интерактивно учење на далечина)<br>- Извршени надградби на новиот ЕМИС<br>- Процент на наставници кои завршиле обука за дигитални вештини и компетенции<br>- Процент на ученици кои користат дигитални и интерактивни материјали за учење | **Појдовна основа**<br>- 85% од наставните програми се усогласени со националните стандарди (од прво до осмо)<br>- 78% ученици користат материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите (од прво до седмо)<br>- 32 општини се опфатени со процесот на оптимизација<br>- Развиена е е-платформа на Водичот за квалификации<br>- 166 „паметни" основни училишта (46% од училиштата) се опремени со ИТ-алатки и интернет-инфраструктура (дигитална мрежа за безбедно сурфање)<br>- 100% од училиштата го користат новиот ЕМИС систем<br>- 0% училишта го применуваат новиот модел на финансирање<br>- Спроведена е „Анализа на дигиталните вештини на наставниците во основните училишта во Македонија"<br>- 34% ученици користат дигитални и интерактивни материјали за учење (од четврто, петто и шесто одделеие) | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>- 100% од наставните програми се усогласени со националните стандарди (од прво до деветто)<br>- Зголемување на бројот на ученици кои користат материјали кои ги вклучуваат принципите на човекови права, рамноправност и почитување на различностите од 78% на 89% (од прво до осмо)<br>- 42 општини се опфатени со процесот на оптимизација<br>- Спроведена анализа и изработени дизајни за нови „паметни" училишта (дигитална мрежа за безбедно сурфање)<br>- Надградба на ЕМИС систем за постепено воведување на дигитални сведителства со е-потпис<br>- 100% училишта го применуваат новиот модел на финансирање<br>- 70% од наставниците/ 5.400 наставника учествуваат во континуиран професионален развој фокусиран на дигитални и зелени вештини<br>- 54% ученици користат дигитални и интерактивни материјали за учење (од четврто, |

| | | |
|---|---|---|
| | | петто, шесто, седмо и осмо одделение) |

| Мерки | Активности | Временска рамка на спроведување | | | | Финансиски средства | Организацсики облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Етапна примена на ревидираната Концепција за основно образование во осмо и деветто одделение | Подготовка на наставниците од осмо одделение од страна на БРО<br><br>Воведување на новите наставни програми за осмо одделение од учебната 2026/2027 | | X | X | X | Буџет на Биро за разој на образованието | Биро за развој на образованието и сектор за основно образование |
| Усогласување на наставните програми со ревидираната концепција за основно образование и Националните стандарди за учениците во основно образование (сукцесивно) | Подготовка на наставните програми за деветто одделение<br><br>Донесување на наставните програми од страна на министерот | | | | X | Буџет на Биро за разој на образованието | Биро за развој на образованието и сектор за основно образование |
| Континуирано одржување и надградување на дигиталните системи | Одржување и надградба на ЕМИСот (воведување дигитални свидетелства со е-потис)<br><br>Континуирано ажурирање на порталот Едуино со нови видео содржини/лекции<br><br>Спроведена е анализа за мрежна и ИКТ опрема<br><br>Развивање дигитални, интерактивни учебници за седмо и осмо | X | X | X | X | Буџет на МОН, Проект за подобрување на квалитет на основно образование, финансиран со заем од Светска банка (Програма 27), Буџет на БРО, донатори | Биро за развој на образованието, сектор за основно образование, Проектна единица за PEIP |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одделение<br><br>Континуирани обуки за наставниот кадар за дигитални вештини и употреба на генеративна вештачка интелигенција за подбрување на наставата | | | | | | |
| Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до осмо одделение) | Поднесување на барања за нови согласости од страна на училиштата<br><br>Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | | | x | | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование |
| Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот, на предлог на БРО | Пуштена е во употреба е-платформа на Водичот за квалификации кој ќе им помогне на учениците од основно образование за професионален и кариерен развој | x | x | x | x | Буџет на ЦРСО/ донатори (Проект Хелветас) | ЦРСО/Педагошла служба/ БРО и Сектор за основно образование |
| Етапно воведување на настава во една смена и продолжен престој, инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба/реконструкција на училишни спортски сали, подобрување на | Изготвување на План за јавни набавки | x | | | | Буџетска програма Т, Потпрограми ТА, ТБ и ТВ, Програма 27 | Одделение за капитални инвестиции, Проект 145 сали и Одделение за јавни набавки |
| | Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки | x | x | x | x | | Одделение за капитални инвестиции, Проект 145 сали, ПЕИП Проект и Одделение за јавни набавки |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост) | Реконструкција на училишта, изградба на нови училници за воведување на настава во една смена, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изгадба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали и реконструкција на постојните сали .... | x | x | x | x | | Одделение за капитални инвестиции, Проект 145 сали, ПЕИП Проект |
| Имплементација на Концепција за државно тестирање | Изготвување на извештај од спроведеното преттестирање на учениците од трето одделение во 2025<br><br>Изготвување на рамка за оценување и инструменти за оценување (тестови и прашалници)<br><br>Спроведување на главно тестирањето за учениците од трето одделение<br><br>Изработка на компаративни извештаи за петто и трето одделение | | x | x | x | Буџет на ДИЦ и Проект за подобрување на квалитет на основно образование, финансиран со заем од Светска банка (Програма 27) | Државен испитен центар/ Сектор за основно образование/ Проектна единица PEIP |
| Подготовка и учество во | Објава на Извештај од | | | x | x | Буџет на ДИЦ | Државен испитен |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| меѓународни тестирања (TIMSS 2027, ICCS 2027 и PIRLS 2026) | спроведеното тестирање TALIS 2024<br><br>Подготовка и учество во PIRSL 2026<br><br>Објава на извештај од лонгитудинална ТИМСС студија<br><br>Подготовка за учество во TIMSS 2027 и ICCS 2027 | | | | | | центар и Сектор за основно образование |
| Унапредување на квалитетот на учебниците, наставните и дидактички материјали, изработка на дополнителен дигитализиран наставен материјал со интерактивни содржини, аудиосодржини и гејмифицирани програми...) | Донесување на Уредба за изменување на Уредбата за утврдување на каталошката вредност на учебниците | x | | | | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Педагошка служба |
| | Изработка на учебници согласно новите наставни програми | x | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | Педагошка служба и одделение за јавни набавки |
| Ревизија/ оптимизација на мрежата на основни училишта и имплементација на новата формула за финансирање на основните училишта | Изработка на план за оптимизација на училишната мрежа за нови 10 општини<br><br>Имплементација на новата формула за финансирање<br><br>Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно | x | x | x | x | Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | образование по општини за 2027 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање | | | | | | |

| ПОТПРОГРАМА 2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:**<br>Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование | | |
| **Показател за успешност:**<br>- Процент на училишта со функционални инклузивни тимови<br>- Процент на ученици со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, со обезбедени образовни асистенти<br>- Процент од општините кои имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост<br>- Процент на деца од 6 до 14 годишна возраст идентификувани дека се надвор од училиштата кои се вклучени и следени во образовниот систем<br>- Имплементирани наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи и казнено-поправните установи<br>- Број на доделени грантови на училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот<br>- Број на пријавени, разрешени и во процес на разгледување случаи на насилство<br>- Процент на училишта кои спроведуваат Правилникот за заштита на ученик жртва<br>- Број на изработени учебници за изучување на јазикот и културата на помалите етнички заедници | **Појдовна основа**<br>- 90% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br>- За 90% од учениците со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, се обезбедени образовни асистенти<br>- 50% од општините имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост<br>- 90% од идентификуваните ученици кои се надвор од образовниот систем се вклучени и следени во образовниот систем<br>- Донесени се наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во воспитно-поправните установи, согласно измените на ЗОО<br>- Доделени грантови на 70 училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција<br>- На посебно креираната маил адреса prijavinasilstvo@mon.gov.mk редовно се доставуваат пријави по кои соодветно се постапува<br>- 90% од училиштата го спроведуваат Правилникот за заштита на ученик жртва<br>- Започнати и во тек се постапки за изработка на | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>- 100% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br>- За 100% од учениците со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, се обезбедени образовни асистенти<br>- 100% од општините имаат формиран центар за поддршка за учење на учениците со попреченост<br>- 100% од идентификуваните ученици се вклучени и следени во образовниот систем<br>- Имплементирани се наставни програми за основно образование на возрасни и за основно образование во казнено-поправни и воспитно-поправните установи<br>- Доделени грантови на најмалку 75 училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/ интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција<br>- Зголемен процент на разрешени случаи за 50% пријавени на маил |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | учебници за изучување на јазикот и културата на помалите етнички заедници | | | | адреса prijavinasilstvo@mon.gov.mk<br>- 100% од училиштата го применуваат Правилникот за заштита на ученик жртва<br>- Изработени се учебници за изучување на јазикот и културата на помалите етнички заедници за седмо и осмо одделение | |
| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организацсики облик/лице** |
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (ангажирање на образовни асистенти преку основните училишта со ресурсни центри, формирање на училиштен инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија, основање центри за поддшка...) | Формирање на инклузивен тим за ученик<br><br>Зајакнување на капацитетите и ресурсите на основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка<br><br>Формирање центар за поддршка за учење на учениците со попреченост од страна на општините<br><br>Изготвување на ИОП/ модифицирана програма, согласно потребите на ученикот<br><br>Обезбедување на согласности за ангажирање на образовни асистенти од страна на МОН и МФ врз основа на поднесени барања од училиштата<br><br>Спроведување на постапки за ангажирање на образовни асистенти за учебната 2026/2027 година<br><br>Обезбедување/набавка на асистивна технологија од страна на | | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограма 26 и Програма А, Потпрограма А2 | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | училиштата | | | | | | |
| Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) намалување на осипувањето, туторска поддршка.. | Проверка на знаењата на ученикот со тестови и усни проверки<br>на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование<br><br>Ангажирање на ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на ученици Роми | | | X | X | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2<br><br>Буџетска програма 1, Потпрограма 11, Поддршка на импементацијата на Декадата и Стратегијата за Роми | Сектор за основно образование/ Биро за развој на образование |
| Остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови | Имплементација на Прирачникот за наставници за работа со ученици кои се на лекување во здравствени установи и во домашни услови<br><br>Имплементација на наставниот план и наставните програми за основно образование во воспитно-поправните установи и казнено поправните установи, донесени во 2025г.<br><br>Обезбедување на потребни согласности за учебната 2026/2027 година за државното училиште Антон Семјонович Макаренко” – Скопје | X | X | X | X | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2/ Проект ПЕИП | Сектор за основно образование, Биро за развој на образование |
| Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и | Објавување на резултати од Јавниот повик од 2025г. Доделување на средства на училиштата<br><br>Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на | X | | X | X | Буџетска програма 1, Потпрограма 13 и донори (ОБСЕ) | Сектор за основно образование/ ДПИ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно ЗОО, стандардите за интеркултурно образование и Упатството за заеднички наставни часови) | мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција во 2026г.<br><br>Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови<br><br>Имплементација на новите наставни програми за осмо одделение согласно стандардите за интеркултурно образование | | | | | | |
| Имплементација на Правилникот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | Спроведување на обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници..<br><br>Имплементација на програмата за унапредување на менталното здравје<br><br>Зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | x | x | x | x | Буџет на БРО, граѓански организации, Уницеф | БРО, сектор за основно образование |
| Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите | Имплементација на актот односно формирање на паралелки со помал број ученици (помал од 15) кои се припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, заради изучување на јазикот и културата на заедницата.<br><br>Спроведување на постапки за одобрување на учебници и/или наставни материјали по предметите; Јазик и култура на Ромите Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на | x | x | x | x | Буџетска програма 2, Потпрограма 21 | БРО/ Педагошка служба |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Србите, Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Власите | | | | | | |
| Анализа и изработка на нови учебници, и дидактички материјали во основно образование од аспект на унапредување на еднаквоста и заштита од дискриминација по било кој основ | Изготвување на нови учебници за осмо одделение (согласно Концепцијата за учебници) кои промовираат еднаквост и недискриминација. | X | X | X | X | Буџет на БРО | Биро за равој на образованието, сектор за основно образование и Педагошка служба |
| Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на меѓународни натпревари | Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br><br>Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации и исплата<br><br>Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br><br>Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар<br><br>Поддршка на акредитирани здруженија на наставници за организација на олимпијада во земјата | X | X | X | X | Буџетска програма 2, Потпрограми 20 и 46 | Сектор за основно образование |

| | | |
|---|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | | |
| **Цел на потпрограмата:**<br>Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта | | |
| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат (одредница на годишно** |

| | | |
|---|---|---|
| - Број на наставници и стручни соработници кои успешно завршиле обуки за стекнување компетенции предвидени со професионалните стандарди;<br>- Број на наставници кои напредувале во кариерата според моделот за кариерен развој;<br>- Број на стручни соработници кои напредувале во кариерата според моделот за кариерен развој.<br>- Донесени законски измени и подзаконски акти<br>- Број на доделени стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | - 15.985 наставници (од кои 11.971 жени) и 874 стручни соработници (од кои 792 жени) поминаа организирани обуки (согласно Каталогот на акредитирани обуки) во текот на 2024 година.<br>- 240 наставници се имаат стекнато со звање ментор<br>- 0% од стручните соработници се имаат стекнато со звање ментор<br>- Доделени се 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | **ниво):**<br>- За 20% проценти зголемување на бројот на обучени наставници и стручни соработници.<br>- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници<br>- 300 наставници се имаат стекнато со звање ментор до крајот на годината<br>- 50 стручни соработници се имаат стекнато со звање ментор до крајот на годината<br>- Доделени се најмалку 30 стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници<br>- Донесен нов Закон за педагошка служба |

| Мерки | Активности | Временска рамка на спроведување | | | | Финансиски средства | Организацсики облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование (Центар за обука и развој на наставниците и стручните соработници) | Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | X | X | X | X | Обезбедени финансиски средства во Буџетот на БРО | Биро за равој на образованието и сектор за основно образование |
| | Спроведување на приоритетни обуки и обуки од Каталогот на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници | X | X | X | X | Обезбедени финансиски средства во Буџетот на БРО/ Проект за подобрување на квалитет на основно образование, финансиран со заем од Светска банка (Програма 27) | Биро за равој на образованието/ Ппроектна единица PEIP |
| Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници | Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО и училиштата, по објавениот јавен повик во 2025 | X | X | X | X | Буџетска програма 1, Потпрограма 10 | Сектор за основно образование и Биро за развој на образованието |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Објава на ранг листа<br><br>Објава на јавен повик за напредување во звање ментор и советник за 2026 | | | | | | |
| Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | | | X | X | Буџетска програма 6, Потпрограма 60 | Сектор за ученички и студентски стандард |

**ПОТПРОГРАМА 4:** Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

**Цел на потпрограмата:**
Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование

| **Показател за успешност:** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** |
|---|---|---|
| - Број на директори кои завршиле напредна обука<br>- Број на училишта кои спроведуваат самоевалуација согласно новите индикатори<br>- Процент на училишта кои имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори | - 300 директорите имаат посетено програми за напредна обука<br>- 80 училиштата спроведуваат самоевалуација согласно новите индикатори<br>- 50% од училиштата имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори | - 350 директори имаат посетено програми за напредна обука<br>- сите училиштата спроведуваат самоевалуација согласно новите индикатори<br>- 100% од училиштата имаат и спроведуваат развојни и годишни програми согласно новите индикатори |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка на спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организацсики облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| Континуирано професионално усовршување на директорите согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, | Имплементација на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта<br><br>Имплементација на новата програма за напредна обука на директори | X | X | X | X | Буџет на ДИЦ | Државен испитен центар и сектор за основно образование |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење | | | | | | | |
| Имплементација на системот за самоевалуација, интегрална евалуација и изготвување на Развојна програма и годишна програма од страна на училиштата | Училиштата изготвуваат развојна и годишна програма врз основа на спроведена самоевалуција согласно новите индикатори на квалитет на работа на училиштата<br><br>ДПИ спроведува интегрална евалуација согласно новите индикатори за квалитет на работа на училиштата | x | x | x | x | Проект за подобрување на квалитет на основно образование, финансиран со заем од Светска банка (Програма 27) | Биро за развој на образованието/ ДПИ / Сектор за основно образование/ Проектна единица PEIP |

| |
|---|
| **ПРОГРАМА 2**: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД |
| **Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Владата на Република Северна Македонија**<br><br>**Стратешки приоритет**: „Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;"<br>**Приоритетни цели**:, „Подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето", „Зајакнување на дигиталните вештини на граѓаните, **просветните работници** и административните службеници" и „Гарантирање на етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на заедниците во Република Северна Македонија, унапредување, заштита и промоција на правата на сите етнички заедници". |
| **Поврзаност со приоритет и приоритетна цел на Министерството за образование и наука:**<br><br>**<u>Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал</u>**<br>• Подобрување на содржината на средното образование;<br>• Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование;<br>• Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците;<br>• Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта и ученичките домови (иницијални и континуирани обуки);<br>• Зголемување на ефективноста на организирањето, финансирањето и управувањето со средното образование;<br>• Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, модернизирање на системот за стручно образование обука и системот за |

образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење;
- Вложување и развој на дигитални и зелени вештини и критичко размислување;
- Имплементација на системот за кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги и
- Унапредување на менталното здравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем.

**Цел на Програмата:**
- Обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард

**Показатели за успех на Програмата:**
- Донесување нов Закон за средно образование;
- Донесување Концепција за средно образование;
- Процент на наставни програми усогласени со новата Концепција и националната рамка на клучни компетенции
- Процент на наставници кои предаваат во втора година гимназиско, обучени за имплементација на новите наставни програми
- Употреба и надградба на новиот ЕМИС
- Процент на подобрување на резултатите во ПИСА тестирањето
- Процент на наградени ученици на меѓународни олимпијади
- Процент на училишта кои имаат фукционални инклузивни тимови
- Процент на ученици со попреченост, за кои се обезбедени образовни асистенти
- Процент на училиштата кои го имплементираат Правилникот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство
- Број на грантови на училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување
- Број на стипендии за ученици Роми
- Процент на ученици кои користат квалитетни, модерни учебници согласно новите наставни програми
- Процент на училишта кои имплементираат кариерно советување
- Процент на наставници и стручни соработници кои напредувале во звање ментор
- Број на стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници
- Имплементација на новиот модел за финансирање за средно образование
- Донесување подзаконски акти согласно новиот Закон за стручно образование и обука
- Број на компании вклучени во системот на учење преку работа (практична настава и обука, феријална пракса, дуални паралелки) ;
- Број на развиени регионални центри за средно стручно образование.
- Вклучен број на ученици во регионалните центри
- Број на одобрени проекти и учесници кои учествуваат во програми за мобилност (Еразмус+ )
- Донесување нов Закон за ученички стандард
- Процент на стипендирани ученици од ранливи категории (Роми, ученици од социјално ранливи категории, ученици со посебни образовни потреби)
- Процент на стипендирани ученици во средното стручно образование

**ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во средното образование

**Цел на потпрограмата:**
- Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на средното образование
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование

<table>
<tr><td colspan="3">- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта<br>- Подобрени инфраструктурни услови во училиштата</td></tr>
<tr>
<td>Показател за успешност:<br>- Донесување нов Закон за средно образование;<br>- Донесување Концепција за средно образование;<br>- Процент на наставни програми усогласени со новата Концепција и националната рамка на клучни компетенции<br>- Процент на наставници кои предаваат во втра година гимназиско, обучени за имплементација на новите наставни програми<br>- Имплеметација и надградба на новиот ЕМИС<br>- Процент на подобрување на резултатите во ПИСА тестирањето<br>- Процент на наградени ученици на меѓународни олимпијади<br>- Процент на училишта кои имаат фукционални инклузивни тимови<br>- Процент на ученици со попреченост, за кои се обезбедени образовни асистенти<br>- Процент на училиштата кои го имплементираат Правилникот за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство<br>- Број на грантови на училишта за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување<br>- Број на стипендии за ученици Роми<br>- Процент на ученици кои користат квалитетни, модерни учебници согласно новите наставни програми<br>- Процент на училишта кои имплементираат кариерно советување<br>- Процент на наставници и стручни соработници кои напредувале во звање ментор<br>- Број на стипендии на одлични студенти на факултети кои образуваат наставници<br>- Имплементација на новиот модел за финансирање за средно образование</td>
<td>Појдовна основа<br>Изработена е предлог Концепцијата за средно образование<br><br>14% од наставните програми се усогласени со новата Концепција и националната рамка на клучни компетенции<br><br>0% од наставниците кои предаваат во втора година гимназиско се обучени за имплементација на новите наставни програми<br><br>100% од училиштата го користат новиот ЕМИС систем<br><br>Од вкупно 81 држава кои беа дел од тестирањето ПИСА 2022, Република Сееверна Македонија е на 61-то место според резултатите по математика (со постигнати 389 поени), на 71-то место според резултатите по читање со разбирање (со постигнати 359 поени). и на 68-то место според резултатите по природни науки (со постигнати 380 поени).<br><br>Доделени се награди на 16 ученика за освоен златен (1), сребрен (2) и бронзен (12) медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во 2025.<br><br>90% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови</td>
<td>Планиран резултат (одредница на годишно ниво):<br>Донесен е нов Закон за средно образование<br>- Донесена е Концепција за средно образование<br>- 45% од наставните програми се усогласени со новата Концепција и Националната рамка на клучни компетенции (прва и втора година средно гимназиско)<br>- 90% од наставниците кои предаваат во втора година гимназиско се обучени за имплементација на новите наставни програми<br>- Надграден е новиот ЕМИС систем со нови услуги<br>- Објавени резулттаи од учеството во ПИСА 2025 тестирањето<br>- Доделени се награди на сите ученика кои освоиле златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) во 2025<br>- 100% од училиштата имаат функционални инклузивни тимови<br>- За 100% од учениците со попреченост, за кои има препорака од системот за проценка на лица со попреченост за асистент, се</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
